# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК*
# *НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*

**Службен гласник на Општина Пехчево** | **Среда 16.04.2025 год.** | **Уредува: Душко Миовски**

**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен** | **Број 03 - Година 2025** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 35-та седница одржана на ден 16.04.2025 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево;
2. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево;
3. Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2024 година;
4. Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2024 година;
5. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово;
6. Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП);

Бр. 09-402/1
16.04.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 35-та седница одржана на ден 16.04.2025 година.

Бр. 09-402/2 | Општина Пехчево
16.04.2025 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 35 од Законот за култура (Сл.Весник на Р.М бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 15/2008, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013, 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 16.04.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево**

**Член 1**

Сузана Андоновска се разрешува од должноста член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево поради неоправдано отсуство на 3 (три) седници на УО.

**Член 2**

За нов член на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево се именува:

- Драган Колевски - Пехчево

**Член 3**

Членот на Управен одбор на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-395/1 | Совет на општина Пехчево
16.04.2025 година | Претседател
Пехчево | Виолета Ѓорѓиевска с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 35-та седница одржана на ден 16.04.2025 година.

Бр. 09-402/3
16.04.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 114 став 8 и став 18 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на Р.М бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 16.04.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево**

**Член 1**

Елеонора Димитров (претставник од Министерство за труд и социјална политика) се разрешува од должноста член на Управен одбор во ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево.

За нов член на Управен одбор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево се именува Драган Богдановски (претставник од Министерство за социјална политика демографија и млади), согласно член 114 став 8 и став 18 од Законот за заштита на децата.

**Член 2**

Согласно член 115 став 1 од Законот за заштита на децата (Сл.Весник на Р.М бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и Сл.Весник на РСМ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25), членовите на управниот одбор се именуваат за период од четири години.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-396/1
16.04.2025 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 35-та седница одржана на ден 16.04.2025 година.

Бр. 09-402/4
16.04.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 16.04.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2024 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2024 година и годишниот финансиски извештај за 2024 година.

Член 2

Годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2024 година и годишниот финансиски извештај за 2024 година бр. 01-92/1 од 18.03.2025 година, се составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-397/1
16.04.2025 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2024 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2024 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 35-та седница одржана на ден 16.04.2025 година.

Бр. 09-402/5 Општина Пехчево
16.04.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 16.04.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2024 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2024 година.

Член 2

Годишниот извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион 2021-2026, за 2024 година, бр. 01-94/1 од 21.03.2025 година, е составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-398/1 Совет на општина Пехчево
16.04.2025 година Претседател
Пехчево Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово, што советот на општина Пехчево ја донесе на 35-та седница одржана на ден 16.04.2025 година.

Бр. 09-402/6
16.04.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка (Сл.Весник на РМ бр. 79/09 и Сл.Весник на РСМ бр.241/24), член 14 и член 36 став 1 точка 14 од Закон за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр. 05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 16.04.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од страна на градоначалникот на општина Пехчево бр.08-374/1 од 09.04.2025 година, за обезбедување на услуги од општина Берово, во својство на раководител на одделението за урбанизам, за општина Пехчево и тоа:
- техничка подршка при донесување и изработка на урбанистичка документација,
- учество во постапката за легализација на бесправно изградени објекти,
- учество во постапката за бесправно изградени објекти на земјоделско земјиште,
- учество во постапката за издавање на одобрение за градење во електронска форма за објекти на градежно и земјоделско земјиште,
- учество во постапката за отуѓување на градежно изградено и неизградено земјиште со непосредна спогодба и со електронско јавно наддавање, давање под краткотраен и долготраен закуп на градежно изградено и неизградено земјиште.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка се доставува до општина Берово на усвојување.

**Член 3**

Меѓуопштинската соработка ќе се реализира преку потпишување Договор за меѓуопштинска соработка од страна на градоначалниците на двете општини, по претходно донесени одлуки од страна на советите на општините, во кој ќе се утврди видот и времетраењето на вршењето на услугите, условите и постапките за престанок на договорот и други прашања.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-399/1<br>16.04.2025 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ бр.79/09 и Сл.Весник на РСМ бр.241/24) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 16.04.2025 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови во заедничката комисија за**
**воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Берово**

**Член 1**

За членови на заедничката комисија за членови од општина Пехчево се именуваат:

- Маја Багашовска;
- Николчо Станоевски;

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-399/2<br>16.04.2025 година<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Виолета Ѓорѓиевска с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП), што советот на општина Пехчево ја донесе на 35-та седница одржана на ден 16.04.2025 година.

Бр. 09-402/7 Општина Пехчево
16.04.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018 и "Службен весник на Република Македонија на РСМ бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022 и 170/2024), член 4 од Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 151/21) и член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02, 202/24),Советот на Општина на 35-та седница одржана на 16.04.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем и грант со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во вкупна висина до **3.078.851 денари**, при што 2.463.081 денари се средства од под-заем (во висина од 80% од вкупната инвестиција), додека 615.770 денари се грант средства (во висина од 20% од вкупната инвестиција). Овие средства ќе се искористат за финансирање на капиталниот инвестиционен проект **Реконструкција на административна зграда на Општина Пехчево, КП 1068 и КО Пехчево за спроведување на мерки за енергетска ефикасност.**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, финансиран со заемод Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, под следните услови:

- Каматна стапка: шест месечен EURIBOR со фиксен распон
- Грејс период: максимум до  1 години
- Рок на отплата: максимум до 6 години
- Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од30.09.2031 година

**Член 3**

Со донесувањето на оваа одлука, престанува да важи Одлуката бр.08-1425/1 од 29.11.2024 година, објавена во Сл.Гласник бр.10/2024 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

Бр.08-400/1
16.04.2025 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска с.р

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево ________________________________________2;
2. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ ,,7 Септември,, - Пехчево ________________________________________ 3;
3. Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2024 година ______________________________4;
4. Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2024 година ______________________________5;
5. Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово ____________________________6;
6. Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Пехчево во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) ____________________ 8;